Врз основа на член 46 став (3)од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ Бр.32/2020), Граданачалникот на Општина Студеничани на ден 16.10.2023 година објавува

ЈАВЕН ОГЛАС

За пријавување на членови на партиципативно тело на општина Студеничани

1.Предмет на јавениот повик е: Доброволно прјавување на лица за членови на Партиципативното тело на општина Студеничани

Партиципативното тело на општина Студеничани ги претставува сите различни интереси и интересни групи во општина Студеничани и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и превните лица, ги следи состојбите во планирање преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански репенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програмии планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

Партиципативното тело има право да расправа за сите работи од надлежности на единицата на локалната самоуправа и може да влијае на планските решенија и политиките на просторен развој,преку презентирање на своите мислења на советот на општината.

2. Услови за пријавување: Пријава по овој јавен оглас можат да поднесат сите заинтересирани лица кое се претавници од урбаните и месните заедници, преставници на невладините организации од различните сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на општината што ги претставуват различние групи на граѓани,како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на општината.

3. Документи кои се поднесуват:

- Пријава за член на партиципативно тело на општина Студеничани (образецот е во прилог на повикот),

- Кратка автобиографија,

- Изјава за давање согласност за заштита на лични податоци (образецот е во прилог на повикот),

- Изјава за прифаќање на условите по овој повик (образецот е во прилог на повикот).

- Релевантен писмен доказ за исполнување на условите за учество од точка 2 на огласот (копија)

4. Рок и место на поднесување на пријави: Пријавите по јавниот оглас со комплетната документација можат да се поднесат преку пошта на адреса: studenican@studenicani.gov.mk

Општина Студеничани во рок од 30 дена од денот на објавување на јавниот повик.

На пријавата да се наведе : „Пријава по јавен оглас за членови на партиципативно тело за подрачјето на општина Студеничани“

5. Обврски на членовите на партиципативното тело: Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на два месеци и има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, особено ја разгледува планската програма во фаза пред таа да му биде предложена на градоначалникот за одобрување, како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија.

Работата на партиципативното тело е јавна.

Согласно одредбите на Законот за урбанистичко планирање, членовите на Партиципативното тело не ги следува надоместок за учеството во неговата работа.

6. Начин на работа: Начинот на работа и бројот на членови на партиципативното тело се уредуваат во Деловникот на партиципативното тело што го донесува Советот на единицата на локалната самоуправа, при што бројот на граѓански членови на партиципативното тело што се пријавиле на доброволна основа не е ограничен.

7. Дополнителни информации на тел. 02/2724005 , (Одделение за урбанизам и просторно планирање).

Бр.03-1009/1

од 16.10.2023 година

Скопје

Општина Студеничани/ Komuna e Studeniçanit

Градоначалник / Kryetar

Azem Sadiki Digitally signed by Azem Sadiki
Date: 2023.10.16 14:37:34 +02'00'

Azem Sadiki